# ПРЕДЛОГ ПРЕПОРАКИ

## НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Трета сесија на Работна група V – Животна средина (Поглавје 27)**

**Тема: *„Отпадот – Загадувач или ресурс? Како до поголема имплементација на новиот закон за управување со отпад?“***

**10 декември 2021**

Препораки за подобро спроведување на законодавството за отпад и реупотреба на отпадот

1. МЖСПП најитно да воспостави регионален интегриран систем за управување со отпад за регионите за кои веќе се изработени документи. За оние региони за кои нема обезбедено финансирање, може да се предложат за проекти за реализација во рамките на ИПА 3 фондовите.
2. Се препорачува МЖСПП да воведе минимум стандарди за постојните депонии што се користат од страна на општините и да воспостави систем на известување за депонираниот отпад. Стандардите да не се однесуваат само на оградување на депонијата , туку и на поставување на вага и соодветен систем на евиденција. ДИЖС да направи контрола над сите депонии за да се утврди дали се исполнети стандардите. Ова е особено битно за утврдување на целите што треба да се постигнат во однос на намалување на создавањето на отпадот и утврдување на мерките за негово намалување.
3. Се препорачува МЖСПП и УЖС да осигурат сите Јавни комунални претпријатија кои вршат дејност на собирање на комуналниот отпад на подрачјето на општините да поседуваат дозволи за постапување со отпад и да увидат дали ЈКП водат евиденција согласно барањата на Законот. МЖСПП јавно да ги објави сите дозволи за постапување со отпад кој ги поседуваат ЈКП.
4. Се препорачува МЖСПП да започне кампања за подигнување на јавната свест за постапувањето со отпадот и за улогата на колективните постапувачи и на нивниот удел во постапувањето со отпадот.
5. Се препорачува МЖСПП да достави извештај за 2020 година за постапување со посебните текови на отпад согласно законите за посебните текови на отпад со цел да се утврдат коли целите за собирање и рециклирање согласно проширената одговорност на производителите е остварена.
6. Се препорачува општините да започнат со воведување на примарна селекција на отпадот (стакло, хартија, пластика, органски отпад), кој независно од воспоставувањето на регионалното управување со отпадот, ќе започне најбрзо можно со поставување на уште една канта каде ќе се селектира тврда фракција односно отпад од пакување (стакло, хартија и пластика) и поставување на уште една канта за органски отпад. Ваквата активност ќе овозможи промена на навиките и свеста на граѓаните и полесна адаптација кон регионалниот систем за управување со отпадот а истовремено и можност за реупотреба/искористување на селектираниот отпад
7. До моментот на воспоставување на регионалниот систем за управување со отпадот, се препорачува општините заедно со комуналните претпријатија да започнат со расчистување на ѓубриштата кои секојдневно се создаваат на територијата на општината. Местата кои биле користени за одложување на отпад од страна на локалното население да се пренаменат односно хортикултурно да се уредат или да се постават објекти за рекреација (клупи, зеленило, играчки за деца) се со цел губење на навиката на граѓаните за одложување отпад на таа локација

8. Да се зајакнат капацитетите на Државниот инспекторат за животна средина за спроведување на надзор над општините и на правните лица, особено за спроведување на надзор за ПОП;
9. Зајакнување на капацитетите на Јавните комунални претпријатија за селектирање на отпадот и за негова преработка;
10. Општините заедно со комуналните претпријатија да работат на подигнување на свеста на граѓаните и менување на навиките во однос на селекцијата на отпадот
11. Да се воспостават цели за собирање на отпад на локално ниво кои ќе треба да ги исполнат општините заедно со комуналните претпријатија